Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 124 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), постапувајќи по барањето бр.08-8191/9 од 29.12.2016 година, поднесено од Сојуз на синдикати на Македонија за поништување на решение го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето на Сојуз на синдикати на Македонија бр.08-8191/9 од 29.12.2016 година за поништување на решение СЕ УВАЖУВА.

2. Со ова решение се поништува решението бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 29.12.2016 година под бр.08-8191/9 од Сојузот на синдикати на Македонија до Министерството за труд и социјална политика доставено е барање за поништување на решение бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година донесено од Министерството за труд и социјална политика со барање за упис на промена во регистарот на синдикати.

Постапувајќи по барањето Министерството за труд и социјална политика ја утврди следната состојба:

Со Одлука на Сојузот на Синдикатите на Македонија бр.0201-406/5 од 07.10.2015 година за претседател на Сојузот на Синдикатите на Македонија е избран д-р Живко Митревски. Одлуката е спроведена врз основа на претходно спроведена постапка за избор на претседател, а врз основа на Статутот на Сојузот на Синдикатите на Македонија бр.0702-441/1 од 19.12.2013 година.

Во барањето е наведено дека спротивно на одредбите од Статутот на Синдикатот иницииран е предлог за отповикување од функција претседател, бидејќи истата не е иницирана од една половина од членството и една половина од членовите на Советот на ССМ. Доставени се копија од известувања од гранските синдикати членки на ССМ со која известуваат дека истите не учествувале на Седница од 13.11.2016 година за отповикување на претседател на Синдикатот.

Кон барањето синдикатот ги достави следните списи: Одлука за избор на претседател на Сојузот на Синдикатите на Македонија бр.0201-406/5 од 07.10.2015 година, Известување од ССМ до СУТКОЗ за плаќање на членарина, Заклучок од Претседателство на ССМ за обезбедување на состојба со уплаќање на членарина во ССМ во однос на синдикатите здружени во Сојузот, Заклучок за спроведување на одлука за финансирање на ССМ, Известување од ССМ до УПОЗ, Статут на ССМ од 2013 година (пречистен текст), Известување од СОБ до Советот на ССМ, Известување од СРСВМ до ССМ, Известување од СШДЕ до ССМ, Известување од Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, Известување од СТКЧ до ССМ, Известување од СХНМ до ССМ, Известување од ГИФИХ до

ССМ, Известување од ССРЕС до ССМ, Известување од СПТРМ до ССМ, Известување од СРТМ до ССМ, Известување од СФМ до ССМ, Известување од СГИП до ССМ, Известување од Македонски полициски синдикат до ССМ, Известување од ССМ до УПОЗ за корекција на висината на членарината, Известување од ССМ до СУТКОЗ за корекција на висината на членарината,

Од доставеното барање, приложената документација и останатите списи во предметот се утврди дека претходното решение содржи неправилности, кој што претставуваат причина за поништување на решението

Ценејќи ги наводите во барањето со приложените списи, Министерството за труд и социјална политика констатира дека се исполнети условите за поништување на решението бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година.

Од напред наведените причини, а во врска со член 193 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) се одлучи како во диспозитивот од ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка има право на тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од приемот на ова решение.

Решено во Министерство за труд и социјална политика под бр.08-8191/10 од 29.12.2016 година.

МИНИСТЕР
Ибрахим Ибрахими

Изработил: Орхан Шерифи
Согласен: Бранко Лазаревски/ Денче Коцевска